нивните утврдувања. Тие премини ги смета како „најзначајни во западниот дел на Европска Турција“". (63)

Освен тоа, во своите извештаи, Лик се осврнал и на политичката ситуација во овие области.

Исто така, авторот го изнесува и Ликовото политичко ангажирање кај Али Паша Јанински и Исмаил-бег од Серез.

Потребно е да се истакне дека авторот ставил посебен акцент на средбата помеѓу Лик и Бајрон во Јанина во 1809 година. „Лик му бил на Бајрона главниот информатор за ситуацијата во целиот европски дел на Турција, чиј поголем дел, особено јужниот, Лик го посетил... Освен тоа, кажувањата на В. М. Лик служеле најверојатно и како мотив, кој така исцрпно Бајрон го користел во неговата прекрасна поема „Чајлд Харолд“". (61)

Правејќи осврт на мошне обемниот творечки опус на В. М. Лик, Полјански посебно се задржува на „Четворојазичникот“ во кого биле „употребени материјали од југозападните македонски дијалекти од околината на Битола, со паралелно изнесување на албански, романски и грчки текст со англиски превод. Така што, за македонскиот материјал преводот на англиски значи прв обид за македонско-англиски, односно англиско-македонски речник“. (67)

Оценувајќи ја мисијата на Лик, авторот заклучува: „Политичката мисија на В. М. Лик претставувала значаен потфат на тогашната британска политика. Освен тоа, оваа мисија имала и друго свое значење. Имено, В. М. Лик не бил само опитен дипломат, воен набљудувач и информатор, туку и мошне солиден научник — археолог, филолог, географ и историчар. За време на мисијата го испитувал теренот согласно на својот научен интерес и собрал огромен материјал. Како резултат на научно-испитувачката работа објавил ред значајни трудови во кои видно место ѝ е одделено на Македонија, на нејзината политичка и стопанска историја, географија, археолошките, нумизматичките и други богатства. Со тоа В. М. Лик одиграл голема улога во запознавањето на научниот свет и со специфичните особености на Македонија. Со тоа неговата дејност добива многу по своето значење, зашто во основа служела и за афирмацијата на Македонија во меѓународни размери.“ (71)

На крајот авторот дава кратко резиме на англиски јазик.

Поради сето ова овој научен труд има посебно значење за нашата историографија. Пионерскиот потфат на Полјански во презентирањето на мисијата на В. М. Лик во Македонија ја одредува стојноста и местото на овој прилог во македонската историографија.

Д. Д.

**Д-р Орде Ивановски, БАЛКАНСКИТЕ СОЦИЈАЛИСТИ И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ОД 90-ТЕ ГОДИНИ НА XIX ВЕК ДО СОЗДАВАЊЕТО НА ТРЕТАТА ИНТЕРНАЦИОНАЛА,** Култура Скопје, 1970, 438

Во издание на Скопската издавачка куќа „Култура“ излезе од печат монографијата на Д-р Орде Иваноски — „Балканските социјалисти и македонското прашање.“

Појавата на оваа монографија е

мошне значајна со оглед на фактот што „досега македонското прашање од ваков поширок аспект и третман сè уште целосно не било иследувано и научно обработувано“. (10)

Авторовиот задлабочен, студиозен пристап во комплексната разработка на македонското прашање изразено во ставовите на балканските социјалисти во дадениот период ѝ дава посебен белег на оваа монографија. Од друга страна, мошне течниот стил и сочниот јазик придонесуваат за нејзината несомнена легибилност.

При компонирањето на монографијата авторот користел богат архивски материјал, литература и периодика.

Монографијата содржи пет дела. На крајот е предаден заклучок и библиографски преглед на користените извори и литература.

По краткиот увод, авторот прави мошне концизен осврт на консултираните извори и литература.

Во првиот дел (23—74), авторот прави краток историски осврт на појавата и карактерот на работничките и социјалистичките движења во балканските земји. Најпрво, Ивановски накратко се задржува на настанувањето и развојот на капитализмот на Балканот. Веднаш потоа, авторот го изложува развојот на работничките и социјалистичките движења во балканските земји, откако накратко ги изнесува основните црти на меѓународното работничко движење при крајот на XIX и почетокот на XX век. Ивановски посебно се задржува на појавата и развитокот на работничкото и социјалистичкото движење во Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Грција и Бугарија. Нешто поопширно се осврнува на појавата на работничкото и социјалистичкото движење во Македонија. Притоа нагласува: „Македонските социјалисти во теориски и идеен поглед немале јасна и одредена марксистичка претстава за поимот на нацијата и историското значење на националното прашање. Но затоа пак во својата практична политичка дејност, под притисок на конкретно дадената историска стварност, морале да заземат значително поправилни становишта спрема најклучните точки на македонското прашање ...“ (72)

Вториот дел (75—196) е посветен на балканските социјалисти и нивниот однос кон македонското прашање во периодот до Илинденското востание.

Најпрво, авторот ја разгледува политиката на големите сили (Франција, Русија, Австро-Унгарија, Англија, Германија и Италија) спрема Македонија во раната епоха на империјализмот. Веднаш потоа, се осврнува на политиката на балканските држави (Грција, Бугарија и Србија) спрема Македонија. Потоа, на погледите на балканските социјалисти спрема македонското прашање. Ивановски мошне опширно ги анализира погледите на македонските социјалисти за револуцијата и носителите на револуцијата, нивниот однос и гледиштата спрема сојузниците на македонската револуција, нивниот став спрема државно-правното разрешување на македонското прашање, како и нивниот однос спрема ВМРО. Веднаш потоа, авторот го изнесува односот на бугарските социјалисти спрема македонското ослободително дело, нивниот став спрема политиката на големите сили и балканските држави кон Македонија, како и нивните концепции за државно-правното раз-

решување на македонското прашање. На крајот од вториот дел, авторот се задржува на гледиштата на српските, словенечките и хрватските социјалисти спрема македонското прашање, притоа, нагласува дека останатите балкански социјалисти во споменатиот период „поради слабоста и неразвиеноста на домашните работнички движења, во својата теоретска и практична дејност посебно не се занимавале со разгледувањето на македонското прашање" (196)

Во третиот дел (197—258), се разгледува ставот на балканските социјалисти кон македонското прашање во периодот од Илинденското востание до Хуриетот. Најпрво се задржува на влошената економско-социјална и политичка положба на Македонија и нејзиниот одраз врз разрешувањето на македонското национално прашање. Притоа, говори за реформните акции на големите сили во Македонија, како и за крвавата активност на вооруженото четништво на балканските држави во Македонија. Опширно се задржува на гледиштата на македонските социјалисти кон македонското ослободително движење и спрема другите аспекти на македонското прашање. Исто така опширно говори за погледите на бугарските социјалисти за народноста на Македонците, како и за нивните ставови спрема македонското ослободително движење. Покрај тоа, авторот го изнесува гледиштето на српските социјалисти спрема настаните во Македонија. „Што се однесува, пак, до ставот и односот на другите балкански социјалисти спрема македонското прашање во овој период, тој се изразувал воопшто со солидаризирање и подржување на ослободителната борба во Македонија". (258)

Четвртиот дел (259—320), авторот го посветил на погледите на балканските социјалисти спрема македонското прашање во периодот од Младотурската револуција до Балканските војни. Најпрво, се осврнува на Младотурската револуција и Македонија, а потоа, го изнесува односот на балканските социјалисти спрема Младотурската револуција и настаните во Македонија, при што посебно внимание посветил на погледите на македонските социјалисти спрема настаните во Македонија, како и нивниот однос спрема Младотурската револуција. Овде авторот го разгледува третманот на македонското прашање од страна на бугарските социјалисти и нивниот однос спрема Младотурската револуција. Освен тоа е предаден ставот на бугарските социјалисти спрема македонското ослободително движење, како и ставот на тесните социјалисти спрема политиката на големите сили и балканските држави во Македонија. Авторот го разгледува и односот на Српската социјалдемократска партија спрема македонското прашање, како и односот на останатите балкански социјалисти (словенечки, хрватски, босанско-херцеговачки и грчки) спрема македонското прашање.

Во последниот, петти дел (321—396) се анализирани гледиштата на балканските социјалисти спрема македонското прашање во периодот од Балканските војни до создавањето на Третата интернационала.

Во почетокот, Ивоноски се осврнува на Балканските војни и Македонија. Потоа, говори за балканските социјалисти и аспектите на македонското прашање за време и по Балканските војни, го изнесува

ставот и држењето на балканските социјалисти спрема Балканските војни и распарчувањето на Македонија, како и концепциите на балканските социјалисти за разрешувањe на македонското прашање. Меѓу другото, авторот се задржува на ставот на тогашниот лидер на Југословенската социјалдемократска партија, Хенри Тума, којшто, „осврнувајќи се на народносниот проблем на Балканот..., покрај издвојувањето на Словенците, Србите, Хрватите, Бугарите — и Македонците 'ги сметал за посебна народност' што претставувала значајна појава во еволуцијата на сфаќањата на словенските социјалисти и доближување кон правилното поставување и третирање на балканското национално прашање воопшто, а посебно македонското прашање". (366)

Последниот поднаслов е посветен на Првата светска војна и нејзините последици за разрешувањето на македонското национално прашање. Во него се изнесени и гледиштата на балканските социјалисти за решавање на македонското национално прашање за време и по Првата светска војна.

Меѓу другото, авторот ги апострофира зборовите на Д. Благоев изречени на дебатата во бугарскиот парламент во 1917 год.: „Јас сум родум од Загоричане, меѓутоа, јас не сум Бугарин, туку сум Словен, и како таков, ако сакате да знаете јас сум за Македонија, како словенска земја, да има сопствена управа". (387). Акцентирајќи го значењето на ова значајно искажување на Благоев, авторот истакнува: „Овие правилни согледувања и констатации на Благоев за македонското прашање и националниот карактер на Македонија, останале негово лично мислење и не биле прифатени како гледиште и став на целата партија, бидејќи при отпечатувањето на неговиот говор во одделна брошура овој дел од неговите искажувања за националниот карактер на Македонија бил сосем изоставен". (387—388)

Во мошне обемниот заклучок, авторот ги изнесува суштинските црти на еволуцијата на погледите на балканските социјалисти спрема аспектите на македонското прашање во споменатиот период. Меѓу другото, авторот констатира: „Независно од пројавените идејни слабости и погрешни теоретски сфаќања при третирањето на македонското прашање, балканските социјалисти во својата практична политика објективно се солидаризирале и ја подржувале борбата на македонскиот народ за неговото национално и социјално ослободување од многувековното туѓинско господство". (421)

На крајот ќе истакнеме дека монографијата на О. Иваноски „Балканските социјалисти и македонското прашање...", вака презентирана, претставува стојносен прилог кон македонската историографија.

**Д. Д.**